ПРИЛОГ VI
ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРА

Активност: Живинарска фарма ГОЛДЕН ЕГ Скопје

ИСКЗ Оператор: Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје

Скопје, 2026 година

СОДРЖИНА

1. ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРА 3

1.1 | Општи информации 3
1.2 | Емисии од точкасти извори 3
(а) Емисии од котли 3
(б) Главни емисии 3
(в) Споредни емисии 3
(г) Потенцијални извори 3
1.3 | Фугитивни емисии 4
1.4 | Мониторинг на емисии 5

2. ДОДАТОЦИ 8

1. ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРА

1.1 | Општи информации

Според Закон за квалитет на амбиентен воздух, извор на емисија е место или површина од која се испуштаат загадувачки супстанции во амбиентниот воздух. Генерално, изворите на емисии во воздухот можат да бидат категоризирани како:

- Точкасти (стационарни) извори - стационирана локација или неподвижна постројка од која што се испуштаат загадувачките материи и супстанции, односно поединечен определив извор како што се цевка, канал, рудник, оџак и слично.
- Дифузни извори - претставуваат повеќе помали или расеани извори од коишто загадувачките супстанции можат да се испуштаат во воздух, вода или почва и чиешто комбинирано влијание на тие медиуми на животната средина може да биде значително.
- Подвижни (мобилни) извори - мотори со внатрешно согорување вградени во возила.

Емисии може да се поделат на:

- *Насочени емиии.* Овие емисии се испуштаат во воздухот преку единечни точкасти извори, на пример, оџаци, испусти од вентилацинен отвор, испуст од издувен систем, испусти од технолошки процеси итн.
- *Фугитивни емисии.* Овие емисии не се ослободуваат преку оџак, цевка, вентилационен отвор или издувен систем и претставуваат некотролирани емисии. Пример за фугитивна емисија се испарување на отпадна вода, емисија на прашина од насипана земја, емисии при постапување со градежни и други материјали, испарување на пареи од отворени садови / контејнери / цистерни и од инцидентно истекување. Како фугитивни емисии се сметаат и оние од отвори во објектите (врати и прозорци).
- *Емисии од мобилни извори.* Емисии од мотори со внатрешно согорување од возила или механизација.

1.2 | Емисии од точкасти извори

Точкасти или насочени извори извори на точкасти емисии во воздухот од фармата за кокошки несилки е вентилаторискиот систем поставен на северниот ѕид од објектот на фармата како и дизел агрегатот наменет за обезбедување на електрична енергија при пад на напонот во инсталацијата.

(а) Емисии од котли

Фармата за кокошки несилки Голден Ег не вклучува котли од било каков тип, според тоа такви емисии не се поврзани со работата на оваа инсталација.

(б) Главни емисии

Работата на фармата не вклучува никакви извори од производни процеси или слични активности кои би претставувале главни / поголеми извори на емисија во воздухот.

(в) Споредни емисии

Согласно упатството, под споредни емисии се подразбираат помали емисии. Според прегледот и класификацијата на извори, не се идентификувани споредни изводи на емисии во атмосферата.

(г) Потенцијални извори

Согласно оваа категоризација, во прилог следи определување и опис на потенцијалните извори на емисии во воздух од фармата за одгледување на кокошки несилки на Голден Ег.

Табела Листа на точкасти и мобилни извори на емисии во воздух

Извор на емисија	Детали за емисија				Отстапување од МДК (mg/Nm^3)
Опис	Висина на оџак (кога е применливо) Број на мобилни извори (кога е применливо)	Супстанција / материјал	Емисија (mg/Nm^3)	МДК	Надминување / во рамките на МДК
Излези од вентилација од штала 1 и 3 (14 излези вкупно)	3 m	Прашина, амонијак		50 mg/m^3 50 Ppm v/v	
Излез од вентилација од склад за храна	2 m	Прашина		50 mg/m^3	
Излези од вентилација од фарма (5 излези вкупно)	5 m	Прашина, амонијак		50 mg/m^3	

Во шталите е поставен механички систем за вентилација и дотур на свеж воздух, како би се овозможиле контролирани услови на живот за несилките со униформирана температура и добар квалитет на воздух. Свежиот воздух, преку пластично саќе со систем Rainmaker влегува во шталата со голема брзина од северната страна на објектот, а неговото извлекување се одвива преку вентилаторски единици од јужната страна, со систем за автоматско управување. Вентилаторскиот систем во штала 1 на КП 102/1 се состои од 7 вентилатори: 4 големи, 2 мали и 1 среден. Вентилаторскиот систем во штала 3 се состои од 7 големи вентилатори. Во штала 3 поставени се и две клими за ладење на објектот во периодот мај-октомври. Вентилаторскиот систем во штала 1 на КП 95/3 се состои од 5 големи вентилатори.

1.3 | ФУГИТИВНИ ЕМИСИИ

Потенцијални извори на фугитивни емисии на локацијата на фармата се:

- доставување, складирање и транспорт на храна,
- вселување, иселување и транспорт на птици,
- собирање, складирање и транспортирање на угинати птици,
- расфрлање на екскрети од птиците.

Сите овие емисии вклучуваат емитирање во воздухот на компоненти од материи што се продукти од распаѓање на органски материи и физиолошките процеси на живината. Тие се карактеризираат со непријатна миризба.

Локацијата на инсталацијата се наоѓа на доволна оддалеченост од објекти за стамбено домување, што е во согласност со Правилникот за класификација на објектите што со испуштање на штетни материи можат да го загадат воздухот во населените места и формирање на зони на санитарна заштита (Сл. весник на РМ бр. 18/99).

Според капацитетот фармата за кокошки несилки Голден Ег спаѓа во објекти од III класа, каде е потребно оддалеченоста од населено место да биде поголема од 610 m, што во овој случај е исполнето, фармата се наоѓа во индустриската зона Визбегово.

Материите што се емитираат во атмосферата како резултат на процесот на одгледување на кокошки несилки се дадени во следната табела.

Табела 1 Преглед на фугитивни емисии во атмосфера

Емисија	Извор
NH_3	Фарма за кокошки несилки
CH_4	Фарма за кокошки несилки
N_2O	Фарма за кокошки несилки
CO_2	Фарма за кокошки несилки и транспорт на материјали во рамки на инсталацијата
H_2S	Фарма за кокошки несилки
Прашина	Фарма за кокошки несилки и транспорт на материјали во рамки на инсталацијата

Во следната табела дадени се граничните вредности на супстанции што се емитираат во воздухот од активности на интензивно живинарство.

Супстанција	МДК
Прашина	50 mg/m^3
Амонијак	50 Ppm v/v
Чад	1

Од соединенијата што се ослободуваат од процесите во фармата, најзначаен е амонијакот NH_3 - соединение што има значително влијание врз процесот на ацидификација на почвата, а во поголеми концентрации делува иритирачки на слузокожата на очите. Главен извор на емисија на амонијак во атмосферата се екскретите од кокошките несилки. Количината на амонијак што ќе се емитира од животинските екскрети зависи од следните фактори:

- температура
- степен на вентилација
- влажност на ѓубриво
- состав на храна
- систем на изѓубрување

Со намалување на влажноста на животинското ѓубриво се намалува и емисиите на амонијак во атмосферскиот воздух. Опремата што се користи во фармата за кокошки несилки ГОЛДЕН ЕГ овозможува сушење на ѓубривото со што емисиите на амонијак во атмосферата значително се намалуваат. Инсталираниот систем за вентилација на фармата, како и топлината што ја ослободуваат кокошките несилки придонесуваат за побрзо сушење на ѓубривото.

Кокошките несилки се одгледуваат во затворен простор, а ѓубривото што се создава се остава неколку дена да се исуши во објектот и потоа преку автоматизиран систем се врши изѓубрување. Ѓубрето паѓа на лента за попречно изѓубрување која го транспортира надвор од шталата и преку кос транспортер за изѓубрување се товари на превозно средство.

Изѓубрувањето се врши на секои три дена, а неговата количина просечно изнесува 5 m^3 (околу 50 m^3 месечно). Создаденото ѓубриво го превзема компанијата Вардар био процес ДОО Градско што се занимава со производство на биогас, односно електрична енергија од органски отпад.

1.4 | Мониторинг на емисии

Со цел утврдување на усогласеност на работата на фармата во однос со дозволените вредности за емисии од ваков тип на инсталации, направено е мерење на емисиите од единствениот извор на емисии.

За потребите на барањето за добивање на Б интегрирана еколошка дозвола, извршено е мерење на емисиите во воздух од живинарската фарма Голден Ег. Мерењето на емисиите во воздух е извршено на ден 28.10.2025 година од страна на Технолаб ДОО Скопје.[1]

Целта на мерењето е да се квантифицираат емисиите во воздух што потекнуваат од фармата и да се оцента во споредба со граничните вредности од законската регулатива.

[1] Лабораториски извештај бр.577/25

Мерењата се направени на испусти од вентилација на хала 1, хала 2 и хала 3.

Локациите на мерните места дадени се на следната слика.



Слика Локации на мерни места за емисии во воздух

Излезите од вентилациија се поставени на источната и западната фасада на халите, како што е прикажано на следната слика.



Слика Микролокација на изворите на емисии во воздух

Мерењата на емисии во воздух се изведени согласно барањата на следните стандарди:

- МКТС CEN/TS 15675:2009 - Квалитет на воздух - Мерење на емисии од стационарни извори - Примена на EN ISO/IEC 17025:2018 при периодични мерења
- МКС EN 15259:2023 - Квалитет на воздух - Мерење на емисии од стационарни извори, Барања од мерните реони и места и за целта, планот и извештајот од мерењата

Резултатите од мерењата дадени се во следната табела.

Табела Резултати од извршени мерења

Мерно место	**Цврсти честички - прашина**		**Вкупен амонијак**	
	Просечна вредност [mg/m³]	**Гранична вредност [mg/m³]**	**Просечна вредност [mg/m³]**	**Гранична вредност [mg/m³]**
Испуст од Хала 1 за одгледување кокошки несилки	22,63	50	0,1	50
Испуст од Хала 2 за одгледување кокошки несилки	23,60	50	0,1	50
Испуст од Хала 3 за одгледување кокошки несилки	25,54	50	0,1	50

Врз основа на податоците добиени од извршените мерења и анализи на емисијата на загадувачки супстанции во воздухот може да констатираме дека, во согласност со Правилникот за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл. весник на СРМ, бр.141/2010 год. и бр.223/19), нема надминување на граничните вредности за измерените параметри. Извештајот од извршени мерења на емисии во воздугот од фармата за одгледување на кокошки несилки Голден Ег даден е во додаток 1.

2. ДОДАТОЦИ

Додаток 1 Извештај од извршени мерења на емисии во воздухот

Додаток 1 Извештај од извршени мерења на емисии во воздухот

ТЕХНОЛАБ доо Скопје
Екологија, безбедност и заштита при работа, технологија, природа
ЛАБОРАТОРИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА
П.фах 827; Бул. К. Ј. Питу бр. 28/3 лок. 24, Скопје; тел/факс: 02 2 448 058; 070 384 194
www. tehnolab.com.mk; e-mail: tehnolab@tehnolab.com.mk

Тестирање
МКС EN ISO/IEC 17025
.ТТ – 008
Testing

Лабораториски Извештај бр. 577/25

од извршени мерења на емисии во воздухот од
Живинарска фарма "ГОЛДЕН ЕГ"
Скопје

ИЗРАБОТУВАЧ:
"ТЕХНОЛАБ" Доо СКОПЈЕ

Нарачател: Живинарска фарма "ГОЛДЕН ЕГ" Скопје

Адреса: ул. 1552, с.Визбегово 70, Скопје

Лице за контакт: Емин Зекири

Датум на извршени мерења: 28.10.2025 год.

Мерењата ги извршија:
Александар Маневски дипл.унив.инж по машинство
Сашо Тасески дипл.земј.инж.

Достава на примероците до лабораторијата: 28.10.2025 год.

Датум на вршење на анализа: 29.10.2025 год.

Анализата ја извршија:
Елеонора Трајковска дипл.инж.по хемија
Вероника Стојановска дипл.инж.техн.

Датум на обработка на податоците: 30.10.2025 год.

Датум на издавање на извештајот: 05.11.2025 год.

Одговорен:
Александар Маневски дипл. унив. инж по машинство

Проверил:
Александар Милорадовиќ дипл. инж. по заш. на жив. средина

Одобрил:
Елена Трпчевска дипл. инж. техн.

Број на копии: 3 Број на копија: 1

Број на страни: 13

Број на прилози: /

СОДРЖИНА

1.	ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ЛАБОРАТОРИЈАТА КОЈА ГИ ВРШИ МЕРЕЊАТА	4
2.	ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА КОМПАНИЈАТА И ПОСТРОЈКАТА КАДЕ СЕ ВРШАТ МЕРЕЊА	4
3.	ОПИС НА МЕРНАТА ЦЕЛ	4
4.	ОПИС НА ПОСТРОЈКАТА КАДЕ СЕ ВРШАТ МЕРЕЊА	4
5.	ЛОКАЦИЈА НА МЕРНОТО МЕСТО (МАКРОЛОКАЦИЈА И МИКРОЛОКАЦИЈА НА СТАЦИОНАРНИОТ ИЗВОР)	5
5.1	Макролокација на стационарен извор	5
5.2	Микролокација на стационарен извор	6
6.	ПОДАТОЦИ ЗА МЕРНИ МЕСТА	6
7.	ПРИМЕНЕТИ СТАНДАРДИ, ПРОЦЕДУРИ И ОПРЕМА ЗА МЕРЕЊЕ	8
8.	ОПЕРАТИВНИ УСЛОВИ ВО ТЕКОТ НА МЕРЕЊЕТО	9
9.	ПРИМЕНЕТИ ПОСТАПКИ ЗА СЛЕДЛИВОСТ ВО МЕРЕЊЕТО	9
10.	РЕЗУЛТАТИ ОД МЕРЕЊЕТО	10

ТАБЕЛИ

1.	Табела бр.1: Податоци за мерно место	6
2.	Табела бр. 2: Положба на мерното место	6
3.	Табела бр.3: Податоци за мерно место	7
4.	Табела бр.4: Положба на мерното место	7
5.	Табела бр.5: Методи и мерна опрема користени при одредување на мерните параметри	8
6.	Табела бр.6: Оперативни услови во текот на мерењето 28.10.2025год..	9
7.	Табела бр.7: Проверка на истекување на линијата (Leak check)	9
8.	Табела бр. 8: Тип на филтер, слепа проба за прашина	9
9.	Табела бр.9: Резултати од извршени мерења на мерно место: Испуст од Хала 1 за одгледување кокошки несилки	10
10.	Табела бр.10: Резултати од извршени мерења на мерно место: Испуст од Хала 2 за одгледување кокошки несилки	11
11.	Табела бр.11: Резултати од извршени мерења на мерно место: Испуст од Хала 3 за одгледување кокошки несилки	12

СЛИКИ

1.	Слика бр. 1: Макролокација на изворот	5
2.	Слика бр.2: Микролокација на изворот	5
3.	Слика бр.3: Графички приказ на мерна рамнина со мерни линии и мерни точки	6
4.	Слика бр.4: Графички приказ на мерна рамнина со мерни линии и мерни точки	7

1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ЛАБОРАТОРИЈАТА КОЈА ГИ ВРШИ МЕРЕЊАТА

Име на компанијата	"ТЕХНОЛАБ" Доо Скопје
Адреса	Бул. Кузман Јосифовски Питу бр.28/3 лок. 24, Скопје
Телефон	02 2 448 058; 070 384 194
Факс	02 2 448 058
Матичен број	5426243
Електронска пошта	tehnolab@tehnolab.com.mk
Работно време	Понеделник до петок од 08:00 до 16:00
Лице за контакт	Бранкица Костова

2. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА КОМПАНИЈАТА И ПОСТРОЈКАТА КАДЕ СЕ ВРШАТ МЕРЕЊА

Име на компанијата	Живинарска фарма "ГОЛДЕН ЕГ" Скопје
Адреса	ул. 1552, с.Визбегово 70, Скопје
Телефон	/
Факс	/
Матичен број	/
Работно време	/
Лице за контакт	Емин Зекири
Телефон на лицето за контакт	070 538 485
Електронска пошта на лицето за контакт	/
Постројка/и каде се извршени мерења	Хали за одгледување кокошки несилки
Вид на постројка/и	Вентилациони испусти од Хали 1, 2 и 3

3. ОПИС НА МЕРНАТА ЦЕЛ

Целта на мерењето е да се даде оценка на резултатите од извршените мерења на емисии во воздух во согласност со граничните вредности од законската регулатива, а врз основа на годишниот план на фармата.

4. ОПИС НА ПОСТРОЈКАТА КАДЕ СЕ ВРШАТ МЕРЕЊА

Живинарска фарма "ГОЛДЕН ЕГ" с.Визбегово, Скопје е фарма за одгледување на кокошки несилки за производство на јајца.

Мерењата се направени на испусти од вентилација на хала 1, хала 2 и хала 3.

*) ***Напомена:*** *Податоците се добиени од страна на корисникот на услуга* Живинарска фарма "ГОЛДЕН ЕГ" с.Визбегово *Скопје. Технолаб Скопје не одговара за точноста на податоците добиени од корисникот на услуга, а кои може да имаат влијание врз валидноста на крајниот резултат.*

5. ЛОКАЦИЈА НА МЕРНОТО МЕСТО (МАКРОЛОКАЦИЈА И МИКРОЛОКАЦИЈА НА СТАЦИОНАРНИОТ ИЗВОР)

5.1 Макролокација на стационарниот извор

Макролокациски фабриката се наоѓа во индустриска зона Визбегово на градот Скопје.



Слика бр. 1: Макролокација на изворот

5.2 Микролокација на стационарниот извор

Микролокациски вентилациите се поставени на источната и западната фасада на халите.



Слика бр.2: Микролокација на изворот

6. ПОДАТОЦИ ЗА МЕРНИ МЕСТА


6.1. Податоци за мерното место: Испуст од хала 1 за одгледување кокошки несилки

Табела бр.1: Податоци за мерно место

Мерно место	Испуст од хала 1 за одгледување кокошки несилки
Облик на испустот	Кружен
Материјал од кој е изработен испустот	Челик
Географски координати	N 42,045848° E 21,395926°
Дали временските услови може да влијаат на мерењето	да
Пристап до мерното место	Пристапно
Дали на испустот има работна платформа за мерење	не
Дали постои лифт за качување на опремата	не
Дали мерното место е осветлено	не
Дали на мерното место има приклучок за електрична енергија	да
Дали мерното место ги исполнува барањата за безбедност и заштита при работа	да

Табела бр. 2: Положба на мерното место

Карактеристики	Вредност
Димензија на емитерот	Ø 0,80m
Висина на емитерот	4m
Висина на мерното место од тлото	4m
Положба на мерна рамнина	вертикална
Број на приклучоци за узоркување	/
Прав дел од емитерот пред мерно место	/
Прав дел од емитерот зад мерно место	/



Слика бр.3: Графички приказ на мерна рамнина со мерни линии и мерни точки


6.2. Податоци за мерното место: Испуст од хала 2 и хала 3 за одгледување кокошки несилки

Табела бр.3: Податоци за мерно место

Мерно место	Испуст од хала 2 за одгледување кокошки несилки Испуст од хала 3 за одгледување кокошки несилки
Облик на испустот	Кружен
Материјал од кој е изработен испустот	Челик
Географски координати	N 42,047107° E 21,396549° N 42,045824° E 21,396537°
Дали временските услови може да влијаат на мерењето	да
Пристап до мерното место	Пристапно
Дали на испустот има работна платформа за мерење	не
Дали постои лифт за качување на опремата	не
Дали мерното место е осветлено	не
Дали на мерното место има приклучок за електрична енергија	да
Дали мерното место ги исполнува барањата за безбедност и заштита при работа	да

Табела бр. 4: Положба на мерното место

Карактеристики	Вредност
Димензија на емитерот	Ø 1,20m
Висина на емитерот	6m
Висина на мерното место од тлото	6m
Положба на мерна рамнина	вертикална
Број на приклучоци за узоркување	/
Прав дел од емитерот пред мерно место	/
Прав дел од емитерот зад мерно место	/



Слика бр.4: Графички приказ на мерна рамнина со мерни линии и мерни точки

7. ПРИМЕНЕТИ СТАНДАРДИ, ПРОЦЕДУРИ И ОПРЕМА ЗА МЕРЕЊЕ

За контрола на емисијата на загадувачки супстанции во животна средина на ниво на Р.Македонија се применуваат:

- Закон за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и Сл.Весник на РСМ бр.89/22, 171/22 и 03/25), поглавје V Мониторинг на животна средина.
- Правилник за методологијата, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисиите од стационарните извори(Сл. Весник на РМ бр.11/2012).
- Правилник за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл. весник на РМ, бр. 141/2010 и бр.223/19).

Во Лабораторијата за животна средина и безбедност при работа "ТЕХНОЛАБ", мерењата на емисии во воздух се изведуваат согласно барањата на следните стандарди:

- МКТС CEN/TS 15675:2009 - Квалитет на воздух - Мерење на емисии од стационарни извори - Примена на EN ISO/IEC 17025:2018 при периодични мерења[1)] и
- МКС EN 15259:2023 - Квалитет на воздух - Мерење на емисии од стационарни извори, Барања од мерните реони и места и за целта, планот и извештајот од мерењата[1)].

Постапката на мерење се состои од:

- Пред испитување,
- Преглед на околината,
- Избор на мерно место,
- Дефинирање на број на мерни точки,
- Лоцирање на мерни точки,
- Подготовка на апаратура,
- Мерење на емисиони параметри од стационарни извори.

Во Табела бр.5 дадени се методите и мерната опрема користени при одредување на мерните параметри.

Табела бр.5: Методи и мерна опрема користени при одредување на мерните параметри

Број	Мерен параметар	Метода за одредување	Опрема	Опсег
1.	Температура на гасот во каналот	Упатство на производителот од опрема[1)]	Testo 925	-50 .. – 1000^{0}C
2.	Статички притисок	МКС ISO 10780:2008[1)]	ST2 со CP2 S тип Pit – ова сонда	
3.	Просечна брзина	МКС ISO 10780:2008[1)]		3 – 55 m/s
4.	Проток на сув отпаден гас	МКС ISO 10780:2008[1)]		
5.	Цврсти честички-прашина	МКС EN 13284-1:2018[1)]	QB1 со S тип Pit - ова сонда	0 - 50 mg/m^{3}

Број	Мерен параметар	Метода за одредување	Опрема	Опсег
6.	Амонијак (NH_3)	УП 7.3-4/PID [2)]	Greywolf multi-gas, pid meter VOC TG 502	0 - 100 ppm

[1)] Лабораторијата ги исполнува барањата за периодично мерење на емисии во согласност со МКТС CEN/TS 15675:2009
[2)] Неакредитирано

8. ОПЕРАТИВНИ УСЛОВИ ВО ТЕКОТ НА МЕРЕЊЕТО

Табела бр.6: Оперативни услови во текот на мерењето 28.10.2025год.

Опис на условите во текот на мерењето	
Капацитет на постројката	100%
Режим на работа (континуиран/дисконтинуиран)	континуиран
Испад на системот во текот на мерењето	не
Уред за намалување на емисиите во воздух	не

[*)] ***Напомена:*** *Податоците се добиени од страна на корисникот на услуга Живинарска фарма ГОЛДЕН ЕГ, Скопје. Технолаб Скопје не одговара за точноста на податоците добиени од корисникот на услуга, а кои може да имаат влијание врз валидноста на крајниот резултат.*

9. ПРИМЕНЕТИ ПОСТАПКИ ЗА СЛЕДЛИВОСТ ВО МЕРЕЊЕТО

Следливоста во мерењето е обезбедена со реализација на следните постапки:
- проверка на истекување на линијата (Leak check) за земање на примерок за прашина (Табела бр.7)
- следење на изокинетички критериум
- Тип на филтер, слепа проба за прашина (Табела бр. 8)

Табела бр.7: Проверка на истекување на линијата (Leak check)

3. Проверка на истекување (Leak Check)		
Тест за истекување	Пред мерење	После мерење
Dado Lab, Тип: Isokinetic Sampler QB1 со S тип Pit - ова сонда	во ред	во ред
** Тест за протекување* *Критериум на прифатливост 0,02 (< 2% од очекуваната стапка на проток)*		

Табела бр. 8: Тип на филтер, слепа проба за прашина

Метода			Тип на филтер			
МКС EN 13284			Сплоснат стаклен филтер			
Слепа проба - МКС EN13284						
Време на мостри-рање (min)	**m_{blank} (mg)**	**Проток (Nm^3)**	**C_{blank} (mg/m^3)**	**$C_{prasina}$ (mg/m^3)**	**ГВЕ (mg/m^3)**	**% од ГВЕ**
30 min	0,05	0,45	0,12	22,63	50	0,25
**Критеруим 1: $C_{prasina} \geq 5 \times C_{blank}$, исполнет, во ред е* **Критериум2: % C_{blank} од ГВЕ < 10% или $C_{blank} < 0,5 mg/m^3$ за МКС EN 13284, исполнет, во ред*						

10. РЕЗУЛТАТИ ОД МЕРЕЊЕТО

Табела бр.9: Резултати од извршени мерења на мерно место: Испуст од Хала 1 за одгледување кокошки несилки

Објект	Живинарска фарма "ГОЛДЕН ЕГ" Скопје		
Правилник (нормативен документ)	Правилник за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл. весник на РМ, бр.141/2010год. и бр.223/19).		
Дата и време на мерење (почеток и крај)	28.10.2025 год. 10^{00}-15^{00}h		
Теренска ознака	A1 577/25	Лабораториска ознака	11 577/25

Карактеристики на гасот во каналот			
Параметар	Метода за мерење	Единица	Измерена вредност
Површина на мерната рамнина	/	[m^2]	0,50
Просечна температура	Упатство на производителот од опрема[1)]	[^{0}C]	19,90
Статички притисок	МКС ISO10780:2008[1)]	[Pa]	20,00
Просечна брзина	МКС ISO10780:2008[1)]	[m/s]	8,79
Проток на сув отпаден гас	МКС ISO10780:2008[1)]	[m^3/h]	14334,09

Измерени/пресметани концентрации						
Параметар	Метода	Единица	Просечна вредност [mg/m^3]	ГВЕ [mg/m^3]	Масен проток [kg/h]	Мерна неодреденост
Цврсти честички-прашина	МКС EN 13284 1:2018[1)]	[mg/m^3]	22,63	50,00	0,32	±4,93*
Вкупен амонијак – NH_3[2)]	УП 7.3-4/PID [2)]	[ppm]	0,1	50,00	/	/

Резултатите од мерењата се сведени на стандардни услови од 0^0C, 101,3kPa,
*од ГВЕ (Гранична вредност на емисија)

[1)] Лабораторијата ги исполнува барањата за периодично мерење на емисии во согласност со МКТС CEN/TS 15675:2009
[2)] неакредитирано

Табела бр.10: Резултати од извршени мерења на мерно место: Испуст од Хала 2 за одгледување кокошки несилки

Објект	Живинарска фарма "ГОЛДЕН ЕГ" Скопје		
Правилник (нормативен документ)	Правилник за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл. весник на РМ, бр.141/2010год. и бр.223/19).).		
Дата и време на мерење (почеток и крај)	28.10.2025 год. 10^{00}-15^{00}h		
Теренска ознака	А2 577/25	Лабораториска ознака	12 577/25

Карактеристики на гасот во каналот

Параметар	Метода за мерење	Единица	Измерена вредност
Површина на мерната рамнина	/	[m^2]	1,13
Просечна температура	Упатство на производителот од опрема[1)]	[^{0}C]	19,20
Статички притисок	МКС ISO10780:2008[1)]	[Pa]	90,00
Просечна брзина	МКС ISO10780:2008[1)]	[m/s]	5,06
Проток на сув отпаден гас	МКС ISO10780:2008[1)]	[m^3/h]	18595,41

Измерени/пресметани концентрации

Параметар	Метода	Единица	Просечна вредност [mg/m^3]	ГВЕ [mg/m^3]	Масен проток [kg/h]	Мерна неодреденост
Цврсти честички-прашина	МКС EN 13284 1:2018[1)]	[mg/m^3]	23,60	50,00	0,44	±4,93*
Вкупен амонијак – NH_3[2)]	УП 7.3-4/PID [2)]	[ppm]	0,1	50,00	/	/

Резултатите од мерењата се сведени на стандардни услови од 0^0C, 101,3kPa,
*од ГВЕ (Гранична вредност на емисија)

[1)] Лабораторијата ги исполнува барањата за периодично мерење на емисии во согласност со МКТС CEN/TS 15675:2009
[2)] неакредитирано

Табела бр.11: Резултати од извршени мерења на мерно место: Испуст од Хала 3 за одгледување кокошки несилки

Објект	Живинарска фарма "ГОЛДЕН ЕГ" Скопје		
Правилник (нормативен документ)	Правилник за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл. весник на РМ, бр.141/2010год.).		
Дата и време на мерење (почеток и крај)	28.10.2025 год. 10^{00}-15^{00}h		
Теренска ознака	А3 577/25	Лабораториска ознака	13 577/25

Карактеристики на гасот во каналот

Параметар	Метода за мерење	Единица	Измерена вредност
Површина на мерната рамнина	/	[m^2]	1,13
Просечна температура	Упатство на производителот од опрема[1)]	[^{0}C]	21,70
Статички притисок	МКС ISO10780:2008[1)]	[Pa]	40,00
Просечна брзина	МКС ISO10780:2008[1)]	[m/s]	5,13
Проток на сув отпаден гас	МКС ISO10780:2008[1)]	[m^3/h]	18703,01

Измерени/пресметани концентрации

Параметар	Метода	Единица	Просечна вредност [mg/m^3]	ГВЕ [mg/m^3]	Масен проток [kg/h]	Мерна неодреденост
Цврсти честички-прашина	МКС EN 13284 1:2018[1)]	[mg/m^3]	25,54	50,00	0,48	±4,94*
Вкупен амонијак – NH_3[2)]	УП 7.3-4/PID [2)]	[ppm]	0,1	50,00	/	/

Резултатите од мерењата се сведени на стандардни услови од 0^0C, 101,3kPa,
*од ГВЕ (Гранична вредност на емисија)

[1)] Лабораторијата ги исполнува барањата за периодично мерење на емисии во согласност со МКТС CEN/TS 15675:2009
[2)] неакредитирано

Забелешка: Резултатите прикажани во овој извештај важат само за условите и режимот на работа за време на вршење на мерењата.
Умножувањето на овој извештај е дозволено само како целина. Делови од овој извештај несмеат да се умножуваат без писмено одобрение од ТЕХНОЛАБ доо Скопје

- КРАЈ НА ИЗВЕШТАЈОТ -

МИСЛЕЊА И ТОЛКУВАЊА*

Врз основа на податоците добиени од извршените мерења и анализи на емисијата на загадувачки супстанции во воздухот може да констатираме дека, во согласност со Правилникот за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл. весник на СРМ, бр.141/2010год. и бр.223/19), нема надминување на граничните вредности за измерените параметри

* Мислењата / толкувањата, дадени во овој Извештај не се дел од опсегот на акредитација.

KPAJ